**20232093654**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНАТА КАРТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2023 година.

Бр. 08-4889/1
3 октомври 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЛИЧНАТА КАРТА

Член 1

Во Законот за личната карта („Службен весник на Република Македонија” број 8/1995, 38/2002, 16/2004, 12/2005, 19/2007, 10/10, 51/11, 13/12, 166/12, 154/15 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 67/22), во член 4 во ставот 1 по зборот „во“ се додаваат зборовите: „надлежната организациска единица на“, а по зборот „живеалиште“ се додаваат зборовите: „или престојувалиште“.

По ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„Барањето за издавање лична карта за лица кои од оправдани здравствени причини не се во можност лично да го поднесат, се поднесува од страна на лице од семејството на барателот.

Во прилог на барањето од ставот 2 на овој член се доставува и документ врз основа на кој се докажува дека лицето од оправдани здравствени причини не е во можност лично да го поднесе барањето.“.

Ставовите 2, 3 и 4 стануваат ставови 4, 5 и 6.

Во ставот 5, кој станува став 7, бројот „2“ се заменува со бројот „4“.

По ставот 7 се додаваат два нови става 8 и 9, кои гласат:

„Во случај кога бездомник за првпат поднесува барање за издавање лична карта, земањето податоци за биометриските карактеристики за бездомникот се врши во присуство на службено лице од Центарот за социјални работи.

Бездомник е лице кое нема живеалиште и личен документ за идентификација издаден од надлежен орган во Република Северна Македонија.“.

Член 2

Во член 7 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На граѓанин над 65 години живот му се издава лична карта со трајно важење.“.

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 3, 4, 5 и 6.

Член 3

Во член 8 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Во случаите од ставот 1 на овој член, граѓанинот при поднесување на барањето за издавање лична карта задолжително приложува документ со кој ја докажува промената.“

Ставот 2, кој станува став 3, се менува и гласи:

„При промена на податоците од ставот 1 на овој член, граѓанинот е должен во рок од 30 дена да поднесе барање за замена на личната карта со нова.“

Член 4

Во член 12 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, на писмено барање на граѓанинот кој бара издавање лична карта, личната карта му се издава најдоцна во рок од два работни дена од денот на поднесување на барањето за издавање лична карта, во случај кога нема промена на живеалиште или адреса на стан.“.

Во ставот 2, кој станува став 3, зборовите: „ставот 1“ се заменуваат со зборовите: „ставовите 1 и 2“.

Во ставот 3, кој станува став 4, бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

Во ставот 4 кој станува став 5 бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

Член 5

Во членот 13 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, за лицата кои од оправдани здравствени причини не се во можност лично да ја подигнат личната карта, истата се подигнува од страна на лице од семејството на барателот.“.

Член 6

Членот 14 се менува и гласи:

„Министерството за внатрешни работи води електронска евиденција за издадените лични карти во согласност со утврдените стандарди и законски прописи.

Министерството за внатрешни работи води електронска евиденција за запишувањето на забраната и за бришењето на забраната на употреба на личната карта за преминување на државната граница.

Евиденциите од ставовите 1 и 2 на овој член се водат во согласност со Законот за општа управна постапка и ги содржат податоците од членовите 5 и 6 од овој закон.

Во евиденцијата од ставот 1 на овој член се собираат, обработуваат и се чуваат следниве лични податоци: број на документ, презиме, име, матичен број, датум на раѓање, место на живеење, тип на документ, статус, датум на издавање, датум на истекување, број на барање, датум на пријавување, локација, вид на барање, датум на одобрување, датум на авторизација и вид на печатење.

Во евиденцијата од ставот 2 на овој член се собираат, обработуваат и се чуваат следниве лични податоци: број на забраната, презиме, име, матичен број, датум на раѓање, тип на документи, датум на одлуката, орган кој одлучува, досие за одлуката, почетен датум, датум на истекување и максимално траење.

Личните податоци содржани во евиденциите од ставовите 1 и 2 на овој член се обработуваат заради остварување на целите утврдени со овој закон.

Личните податоци содржани во евиденциите од ставовите 1 и 2 на овој член се чуваат трајно.

Министерството за внатрешни работи обезбедува соодветна заштита на личните податоци содржани во евиденциите од ставовите 1 и 2 на овој член од неовластен пристап и користење на податоците, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.".

Член 7

Во членот 15 став 1 во точката 1 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „став 3".

Во точката 3 зборовите: „став 6" се заменуваат со зборовите: „став 7".

Во точката 4 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „став 3".

Во точката 5 зборовите: „став 4" се заменуваат со зборовите: „став 5".

Во точката 6 зборовите: „став 2" се заменуваат со зборовите: „став 3".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".